*А. СТОЈАНОВСКИ*

# ЕДЕН ГОВОР НА ДИМИТАР ВЛАХОВ ВО ТУРСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

На 24 јули 1908 година Османлиската империја ја потресе револуција, која ги доведе на власт младотурците и ја воспостави конституцијата. Кратко време потоа, во есента истата година, биле спроведени избори за новиот турски Парламент. Меѓу избраните кандидати на коалиционата листа на младотурците за Солунскиот санџак се наоѓал и социјалистот Димитар Влахов, кого го предложила левицата на Македонската револуционерна организација од Солунскиот и Струмичкиот револуционерен округ.

Во самиот Парламент Димитар Влахов пројавил многу жива активност, подржувајќи ги и развивајќи ги ставовите и барањата на македонската левица и на социјалистичката парламентарна група на коишто и самиот им припаѓал. Во продолжението ќе изнесеме еден од неговите говори во Парламентот, онака како што тој е објавен во најновата книга на А. Церахоглу: „Социјализмот во Турција (1848—1925).[1]) Во книгата не е објаснето од каде е земен говорот, ниту пак е даден датумот на неговото одржување. Сигурно е, меѓутоа, дека тоа истапување на Влахов паѓа во времето на парламентарните заседанија од 1910 година. Исто така, сметаме за потребно да нагласиме дека сите забелешки кон текстот се наши.

* * *

Овој закон го сметам за привремен и површен; мерките што овде ќе бидат прифатени ги сметам недостатни. Сакаме да ги стимулираме нашите земјоделци и нашата индустрија. Меѓутоа, по каков пат ќе ги стимулираме? Во тоа е прашањето. Што е потребно за стимулирање на нашата индустрија? Најпрвин се потребни капиталот и капиталистите. На второ пак место работниците. На трето место, нужен е пазар за индустриските производи. Од која и да било нација и земја да доаѓа, нашата земја не ќе има загуба од капиталот. Сега ќе се обидам тоа да го докажам.

Познато Ви е, Господа, дека во сите земји индустријата секогаш се создавала со странски капитал. Индустријата во Англија се создаде со холандскиот капитал. Во Америка се подготви со англискиот капитал. Во Германија

---

[1]) A. Cerrahoglu, Türkiyede Sosyalizm (1848—1925), Istanbul 1968, 72—84.

и Австрија се заснова со францускиот капитал. Дури, најголемите работи во Германија и Австрија се подготвија со францускиот капитал, како од „Креди фонсие“, „Дармштадбанк“, „Рочилдбанк“. Во Русија индустријата се подготви со странскиот капитал. Во Белгија, Бугарија, Романија и Србија, па дури и во нашата земја финансовите установи и најголемите претпријатија се создадени со странскиот капитал. Од тоа нема никаква загуба. Претпријатијата може да бидат странски и домашни, бидејќи и во нашата земја има богаташи. Меѓутоа, тие своите кредиторски пари ги кријат во касите, кесињата, а најмногу ги вложуваат во банките на другите земји. Кога овие луѓе ќе забележат напредок на претпријатијата создадени со странскиот капитал, ќе ги извадат и ќе им ги дадат сопствените пари на тие претпријатија...

Во нашата земја има многу работници. Се оплакуваме дека за работникот нема достатно работа. Вистина е, нема опитни работници. Но зарем не можат и нашите работници да станат опитни? Ќе станат. Нашите работници коишто одат во Америка, Бразилија, се квалификуваат и работат за напредокот на тие земји. Ако отвориме индустриски училишта и ние ќе имаме опитни работници.

За производите на нашата земја потребно е да се најде пазар. За тоа постојат два начина. Прво, потребно е тие индустриски производи да се потрошат. Во Србија, Русија, Бугарија, индустријата добива поткрепа и се заштитува. Меѓутоа, сепак многу не напредува, бидејќи за своите производи не наоѓаат пазар, па производите остануваат непотрошени. Ако се покачи културното ниво на народот, ќе се зголемат и неговите потреби, ќе нарасне потрошувачката на производите. И индустријата ќе се развива. Образован човек чита весници, брошури, книги, а од тоа на индустријата и се отвора многу работа. Во Германија само во печатниците на весниците работат петстотини илјади работници. Ако ги зголемиме културните потреби на народот, индустријата може да се развива. Ако народот посака трамвај, електрично осветление, канали, водоводи и во удобни куќи да живее, ќе помогне за развитокот на индустријата.

Наоѓање пазар на производите се постигнува преку регулирањето на животните услови на работниците. Работникот не е само производна сила, тој е едновремено и консуматорска сила, потрошувачка сила. Ако е добра положбата на работникот, тој ќе троши повеќе производи. И индустријата ќе напредува. Ако работникот е во состојба да троши повеќе производи, во таков случај за индустријата може да се создаде пазар. Ова не е само моја мисла. Истата мисла ја искажа и фон дер Голц Паша,[2]) на една конференција во Берлин. Два три месеци порано, и во објавената брошура „Bulletin de la chambre de commerce“ се вели: „Положбата на работникот во Турција не задоволува. За него не може да се каже дека претставува добра производна сила и добра потрошувачка сила“.

За да се развие индустријата и да се најде пазар за производите, треба да го зацврстиме земјоделието. Развитокот на земјоделието помага и за раз-

---

[2]) Голц (Kolmar, baron fon der Goltz), германски генерал (1845—1916). Реорганизатор на турската армија до Балканската војна, а во време на Првата светска војна командувал во првата и шестата турска армија (1915—16).

витокот на индустријата. Ако земјоделците живеат побогато и посреќно, ќе земаат и ќе трошат повеќе индустриски производи.

Во проектот се прифатени преферирања и привилегии. Ако одиме по тој пат, патот е многу лизгав и по малку опасен. Зашто, ако сега земјата ја дадеме бесплатно, ако ја ослободиме од даноците и давачките, се плашам дека истите луѓе нам на ваков начин ќе ни се обратат: „Дајте ни бесплатно јаглен од државните рудници! Подарете ни од шумите ќумур, дрвен материјал и др.! — ќе речат; па уште ова, па уште она ќе посакаат. За развивање на индустријата не е достатен закон. Тоа е една привремена мерка. И во Србија постои еден таков закон. Индустријата се заштитува, но не се развива. Таму има фабрики за шеќер. Дури има и фабрики за порцелан и стакло. Фабриката за шеќер напредува, бидејќи има реализација. Фабриките за порцелан и стакло, иако на ист начин уживаат заштита не напредуваат.

Ако го прифатиме тој закон, државата ќе претрпи многу голема загуба. Во Србија државата за пет години загубила два милиона франци од шеќерната фабрика. Бидејќи монополот е на дваесет години, загубата ќе изнесува педесет и пет милиони франци. Од друга страна, може да настанат многу големи злоупотреби, па и тоа да го имаме предвид. Ние тој закон денес овде го претресуваме. Меѓутоа, **не ја познаваме економската положба на нашата земја.** Каква индустрија има во нашата земја? Врз какви основи ја изградивме? Ќе се создава законот, но индустријата не ќе напредува. Дали поради малиот капитал на фабриките, или поради внатрешната конкуренција тие не напредуваат? Или пак можеби поради тоа што фабричките производи не се продаваат? Нужно е тоа да се знае. Во Истанбул постоеше мразарница, имаше фабрики за кибрит, хартија. Поради што беа затворени? Капитал ли немаа? Или пак не можеа да ја издржат конкуренцијата? Тој закон потполно ќе ги уништи малите претпријатија... Нека се формира една Економска комисија. Нека поднесе еден извештај за економската положба на земјата. Откако прашањето добро ќе се запознае, ќе изградиме едно мислење и поправилно ќе постапиме.

* * *

За другите потреби на земјата се троши десет и дванаесет насто од нашиот доход. Ако погледнеме во буџетот на другите земји, ќе видиме дека за другите потреби се трошат многу повеќе пари. На пример, во Германија за другите потреби се троши четириесет и пет на сто, во Австрија четириесет на сто, во Франција повеќе од триесет и пет на сто, во Романија четириесет на сто, во Бугарија и Србија четириесет и пет на сто, а единствено во Грција шест на сто од чистиот доход. Посебно добри, уредени се комуналиите, т.е. општинските буџети. Дури, во некои земји општинските буџети се двапати поголеми од државниот буџет. Додека општинските буџети во Соединетите Американски Држави изнесуваат вкупно 260.000.000 лири, државниот буџет е 138.000.000 лири. А пак во Англија, додека општинските буџети изнесуваат 141.000.000 лири, државниот буџет е 133.000.000 лири. Единствено во Прусија општинските буџети се помали од државниот буџет. Нашите општински буџети изнесуваат најмногу 1.000.000 лири. Гледаме дека нашите расходи се такви што не може да се намалат. Нужно е да се зголеми буџетот на земјоделието,

благоустројството, просветата, индустријата и трговијата. Само како ќе се покрие дефицитот? Со покачување на посредните порези и со ставање посреден данок на прометот врз некои материјали, државата мисли дека ќе го зголеми нашиот доход на 4—5.000.000 лири. Ќе се обидам да докажам дека е тоа невозможно.

Со зголемување од 4 на сто, царината ќе се покачи на 15 на сто и нашиот доход ќе се наголеми за еден и пол милион лири. На петролејот ќе се стави данок на промет и би се добило повеќе од 1.000.000 лири. **Кој ќе го плати, кој ќе го даде** доходот поголем од еден и пол милион, којшто ќе се создаде од покачувањето на царината? Тие пари, се разбира, ќе ги даде нашето население, бидејќи тоа ги троши и употребува внесените стоки. Се разбира, тие стоки тука ќе бидат поскапи, тој вишок, тоа поскапување, ќе го плати народот. Значи, тој данок може да се смета за **данок кој се зема директно од народот.** Тој данок ќе го платат само најбедните слоеви од нашето население, бидејќи тие предмети ги трошат тие слоеви. Во 1908 година вредноста на предметите внесени во Солун изнесуваше 328.000.000 гроша. Седумдесет на сто од нив беа артикли како што се: брашно, пченица, шеќер, шпирт, ориз, газје, руда, сапун, кожа, платно. Гледате дека се тоа оние артикли што најмногу ги трошат бедните и средните слоеви од населението. Од стоките внесени од Бугарија во 1908 година, чијашто вредност е триесет и три и пол милиони франци, 95% се состоеја од брашно, ориз, пченица и добиток. Значи, стоки од кои народот чувствува голема потреба. Велат ќе добиеме еден и пол милион лири повеќе доход. Јас велам дека во оваа сметка една работа е заборавена. Колку што се покачува царината, **потрошувачката моќ на народот уште повеќе се смалува.** И кај нас така ќе биде. Тоа е еден природен закон, **еден економски закон, еден општествен закон.** Кога е правена сметката овој мал економски закон не е земен предвид. Во Северна Америка, во 1896 година, со еден закон царината толку се зголемила што дури европските држави протестирале против тоа. Државниот доход не само што не се зголемил, туку сосем спротивно, се намалил. Додека во 1896 година царинскиот приход изнесувал 171 милион, во 1897 година, пак според старата тарифа, 177.000.500 лири, во 1898 година, поправо во годината кога се покачила царината, во државниот доход се појавил дефицит од 45.000.000 лири. Тоа значи, дека наместо поголем доход се појавил кусок во стариот доход. Овие бројки се официјални. Уште еден пример: во Германија во 1906 година се вовела нова тарифа, царината се зголемила 40—50%. Пченицата, јачменот и другите жита поскапеле за 80%. Меѓутоа, државниот доход не се покачил во иста пропорција. Додека пред новата тарифа доходот од царината изнесувал 600.000.000 марки, после воведувањето на тарифата државниот доход се зголемил за 33.000.000 марки. Значи, на покачената царина за 50%, зголемувањето на доходот не надминало 5%.

Риза паша[3]): Таа Ваша теорија не е точна!

Господин Влахов: Точно е, господине, Ако кај нас планираниот ца-

---

[3]) Риза Паша (Ахмед Риза беј), лидер на партијата „Единство и напредок" кој во ова време станал претседател на Парламентот.

рински приход од преку еден и пол милион лири се усогласи со горното и овде да повлијае општествениот и економскиот закон, тогаш нашиот доход врз основа на покачувањето на царината ќе биде само две до три илјади лири...

Каква е кај нас потрошувачката на петролејот? Со оглед на тоа што вредноста на внесениот петролеј во 1905—1906 година беше 1.000.000 лири, на човек се паѓа пет килограми за потрошувачка. Во другите земји потрошувачката на петролејот по човек е три до четири пати поголема отколку кај нас. Зошто? Нашето население е бедно, затоа не троши петролеј. Сакаме од петролејот да добиеме приход поголем за милион. Значи, на еден милион лири сакаме да земеме еден милион данок на промет. По таков начин, за петролеј во вредност од еден грош, треба да се земе еден грош данок на промет. Ако и при тоа што потрошната сила на народот ќе стане уште помала, би сакале доход поголем од 1.000.000 лири, ќе биде нужно на петролејот од еден грош вредност да се стави данок на промет од еден и пол грош. Доколку ќе се стави данок на прометот тоа би значело, аналогно на тоа, за петролејот во вредност од еден грош да се земаат четириесет пари, наместо четири пари царина. По таков начин царината ќе се зголеми за илјада на сто. Народот не ќе може тоа да го издржи. Владината сметка не ќе излезе точна. Не ќе може да спечали милион лири. Доколку земе, ќе се намали потрошувачката на другите артикли. Значи, општиот доход од царината, земено приближно, не ќе може и не ќе се покачи.

Гледаме, Господа дека од една страна расходите не можат да се намалат, од друга пак страна нашите посредни приходи не ќе го достигнат предвидуваниот степен. Значи, дефицитот пак ќе си остане дефицит. Што треба да се стори за да се покрие дефицитот? Прва работа што треба да ја направиме е нашите даночни закони да ги измениме и тоа да се почне од директните даноци, како што се земјишниот, ушурот, овчарината и др.

Ушурот, како што рече Џавит Беј[4]), не само што е тежок данок, туку е и противзаконит. Тој данок е таков што го пречи развитокот на земјоделието. Бидејќи е данок кој се зема и на капиталот и на профитот, не е во полза ниту на еден капиталист. Зашто никој своите пари не ќе се осмели да ги употребува, значи **интензивна култура.**[5]) Бидејќи и врз парите ќе треба да плати данок. Овој данок, колку што за државата не е полезен, за населението е штетен. За да биде полезен за државата, нужно е да биде стабилен и познат. Ако годината е родна државниот доход е голем, ако е неродна, тој е помал. Тоа што данокот една година е мал, друга голем, се одразува на буџетскиот дефицит. Овој данок, за народот е штетен и многу тежок, воедно е и неправеден. Ушурот го сочинуваат 33, 40, па дури 52% од чистиот доход.

Господин Дагаварјан[6]): Ако се земе предвид и злоупотребата на закупците, се качува дури и на 60%.

---

[4]) Џавит Беј, младотурски лидер и министер на финансиите.

[5]) Оваа формулација е прилично нејасна, освен ако не се работи за грешка.

[6]) Дагаварјан, Ерменец, социјалист, пратеник во Парламентот.

Господин Влахов: Тој данок треба што поскоро да се укине, а на негово место треба да се воведе нов данок. Колку лесен ќе биде тој данок до таа степен и нашето население ќе работи на култивирање на нови земји. Меѓутоа, и државата од своја страна треба да работи во сообразност со тоа. За земјоделците треба да се создаде **земјоделски кредит.** Владата нека преземе некои мерки. Нека внесе машини, нека му даде на населението олеснувања. Нека внесе вештачко ѓубре, нека го раздели на населението. Нека отвори земјоделски школи, насекаде нека испрати земјоделски учители. Обработливата површина изнесува осум на сто. Ако тоа го направи, ќе биде петнаесет на сто, триесет на сто. Во Романија е педесет и пет на сто, во Бугарија триесет на сто, во Данска седумдесет на сто, во Франција седумдесет и пет на сто. Кај нас, во Солун, е шест на сто. Според официјалната статистика, во Османлиска Европа е осум на сто. Во другите области не достига дури ни пет на сто. Од секој дунум земја просечно се добива сто оки пченица. Во Германија е 157, во Данска 220. Ако сите тие работи се направат, земјата ќе биде поплодна, а со тоа и за нашите железници ќе се отвори работа, не ќе биде потребно „гаранциското акче". Дури и печалба ќе имаме. Романија добива еден и пол милион лири од железниците, Австрија добива чист приход од 18.000.000, Белгија добива сума поголема од 3.000.000, а ние пак даваме 940.000 лири. Од друга пак страна, ако сите тие работи бидат направени, индустријата ќе добие поттик. Зашто, за развитокот на индустријата е нужно да се пронајде пазар за производите и тие да се продадат. Потребно е да знаеме дека и селското население создава пазар, може многу да го помогне индустрискиот развиток. Ако индустријата се развие, воедно со тоа и земјоделието ќе напредне. Кај нас е многу тежок данокот. Во многу области селаните ги напуштаат селата и се иселуваат. Одат во Аргентина, Бразил, Северна Америка. Кога од земјите како што се Русија и Австрија кај нас доаѓа средно и бедно население и сака овде да се насели, да стане тукашно население, да работи за напредок на нашата земја, ние прашуваме: „Вие што сте? Евреи ли сте? Австријанци ли сте? Што сте?". Едновремено нашите Drumond-овци, Deroulède-овци, Muéger-овци работат да создадат едно ново чувство едно ново движење кај нашето население: **Антисемитизмот.**[7])

Господин Варткес[8]): Значи против ционизмот!

Господин Влахов: Тоа е нешто друго господине!

Претседавачот: Да починеме еден час. Многу сериозни информации се изнесуваат. **Ако постојано вака се одвиваше расправата за буџетот, ќе беше многу добро.**

* * *

При отворањето на второто заседание, под претседателството на Ахмет Риза Беј, Г. Влахов го продолжи својот говор и рече:

---

[7]) За антисемитизмот и за личностите што овде се апострофирани види: Larousse du XXe siècle en six volumes, Publiè sous la direction de Paul Augé, Tome premier, 266; Tome deuxième, 789 и 975.

[8]) Варткес, Ерменец, социјалист, пратеник во Парламентот.

„Владата добива само 44 на сто од парите што селаните ги плаќаат на име ушурот. Според официјалните статистики, 56,3 на сто минува во рацете на купувачот. Оваа година ушурот изнесува сума од близу 7.000.000 лири. Меѓутоа, од селаните не ќе се земат 7.000.000 лири, ќе се земат повеќе од 14.000.000 лири. Владата признава колку е штетен тој данок за државата. Но Џавит Беј рече: „Колку и да е тежок и противправен тој данок, **додека сум јас министер не ќе го засегам овој данок“.** Не ја очекував оваа изјава на Џавит Беј. Џавит Беј вели: „Во соседните земји дошло до конфликт поради укинувањето на тој данок“. Друга е причината за конфликтот. Конфликтот не се појавил поради укинувањето на данокот. Конфликтот се појавил, бидејќи владата сакала повторно да го воведе данокот.

Познато ви е дека во Бугарија, во 1899 година, финансиските работи беа малку растроени. Владата се обиде одново да го воведе ушурот. Тој данок беше воведен и беше на снага една година. Но против владата се појави таква реакција, што данокот веднаш беше укинат, а на неговото место одново се воведе **земјишниот данок.**

Има уште еден, исто толку тежок и неправеден данок, а тоа е **данокот на овци.** Што пак, се однесува до **данокот на приход:** тој данок е распределен на неправеден начин и се применува на неправеден начин. Така што еден касапски калфа, којшто има годишен приход 7 лири, дава 25 гроша на име данок на приход. Еден работник, фабрички работник, којшто има приход 12 лири, на државата и дава 10, 20 гроша данок. Свилар којшто има приход 50 лири, дава 5,5 лири. А пак еден трговец, којшто има годишен приход 400 лири, на име данок на приход дава 60—70 грошеви. Еден воденичар со приход од 500 лири, дава 10 лири. Така што за некои овој данок изнесува еден на илјада од нивниот приход, за некои два, а за некои 40—50, а пак за некои сто на илјада. Овој данок треба што поскоро да се измени, треба да се заведе прогресивен и пропорционален даночен систем. Ако се усвои прогресивно-пропорционалниот систем, само од Истанбул и Солун ќе се земе седум до осум пати поголем данок од сегашните наши приходи. Приход од данокот на доход од овие два вилаети изнесува 84.000 лири, но ако се примени прогресивно-пропорционалниот систем, само од двата града ќе имаме близу 700.000 лири. Минатата година, за време на расправата околу проектот на законот за вакуфските имоти, некои од моите пријатели предложија оданочување на основа приход. Собранието и владата го одбија тој предлог и се искажаа дека **тој предлог лежи во основите на социјализмот.** Меѓутоа, господа! Треба да имаме на ум дека тој даночен систем е воведен во многу земји, во Прусија, Саксонија, Витемберг, Англија, Италија, Австрија, Франција и Бугарија и никој не може да тврди дека **тие земји ги прифатиле основите на социјализмот.** Дотолку повеќе што меѓу тие земји има и такви влади, коишто се многу добро познати со својот конзерватизам. Пруската влада спаѓа меѓу најконзервативните влади. Тој данок го вовел во 1890 и 1893 година прускиот министер на финансиите, сметајќи го за еден од најполезните за државата, и откако е спроведена таа реформа државниот приход двојно се зголемил. А едновремено и населението не го примило данокот како голем товар. Бидејќи, тој данок придонел товарот да олесни, а бедните слоеви го примиле со задоволство. И средните и богатите слоеви

не покажале незадоволство спрема тој данок, бидејќи справедливо е распределен и применет. Кај нас оние со мал приход многу даваат, оние со голем приход малку даваат. Еден млинар со капитал од 2.000 лири, кој во годината има 500 лири приход, на државата и дава десет лири. Значи, дваесет на илјада од неговиот приход. Една млинска компанија со капитал од 100.000 лири, кога оствари 30.000 лири годишен приход. само дваесет и пет лири дава; бидејќи на секои две илјади лири се пагаат пет гроша, данокот што го плаќа не изнесува ниту еден на илјада од приходот. Еден земјоделец чијшто капитал изнесува две илјади лири, во најповолна година на име ушур и земјишен данок дава 335 на илјада од приходот. А во една не толку поволна година — 520 на илјада од приходот. Еден човек кој поседува сума од 2.000 лири и одгледува овци, во најповолна година како **данок на овци** дава 410 на илјада од приходот, а пак во не толку поволна година — 550 на илјада од доходот.

Господа! Гледате дека тие даноци се распределени на неправеден начин. Ако даноците што поскоро бидат изменети и државниот доход ќе се зголеми, а и народот повеќе ќе работи.

Накусо: а) Нашите расходи не можат да се намалат; б) дефицитот ни е голем.

За да се покрие дефицитот треба да го зголемиме доходот. За да се зголеми доходот, треба да ги измениме даночните закони, треба да спроведеме финансиски реформи; и, пред сè, треба да работиме **за прифаќање на прогресивно-пропорционалниот даночен систем и за зголемување на економската моќ на народот.** Пред се, треба да ги измениме непосредните давачки. Најпрвин таа реформа треба да ја оствариме. Тоа не одговара на приходот на населението. Заради тоа, принудени сме **да направиме да се зголеми економската моќ.** Знаете ли колкав е приходот на населението. Според мојата пресметка, **минимум** осумдесет и два милиона лири, а **максимум** деведесет и пет милиони. Земја, чиешто население има приход 95.000.000, има 32.000.000 буџетски расходи. Значи, на секои 100 гроша приход, најмалку триесет и два, најмногу триесет и девет се пага на државните расходи. Во Германија годишниот приход на населението е четири до пет пати поголем од годишниот приход на населението на нашата земја. Истовремено, државните расходи се десет до дваесет на сто. Кај нас се триесет до триесет и четири на сто. И населението четирипати помалку заработува. Бидејќи кај нас годишниот приход на лице способно за заработувачка изнесува 16 лири, најмногу 16 лири. Лице со толкав приход принудено е да дава 6 лири за државни расходи.

Гледате дека нашиот буџет е многу тежок на населението. За да се зголеми приходот, **нужно е да се зголеми економската моќ.** Ако не ја зголемиме постојано ќе има дефицит и населението ќе ги смета даноците за товар. Со еден збор, да се изменат даноците, да се изврши финансиска реформа, да се примени прогресивно-пропорционалниот систем, да се даде предимство на економската моќ на населението. Така, да се следи една финансиска и економска политика. (Продолжителни аплаузи.)